**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

# Известување за концентрација со која ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина, Србија, која се однесува на стекнувањето на 100% од уделот во друштвото ФООД СТАР ПЛУС ДОО Белград, Србија

**(предмет бр. 08-123/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 19.08.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација од страна на ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина со седиште на ул. Кабловска бр.29, Јагодина, Србија, која се однесува на стекнувањето на 100% од уделот во друштвото ФООД СТАР ПЛУС ДОО Белград со седиште на ул. Ѓорѓа Кратовца бр.33, Белград, Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

1. Претпријатие за производство на месни производи и конзерви ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина со седиште на ул. Кабловска бр.29, Јагодина, со матичен број 07606035е комерцијална компанија која се занимава со преработка на месо, со седиште во Србија, која произведува и продава месни производи, а кои ги пласира главно на српскиот пазар, но е присутна и низ целиот свет и ги извезува и продава своите производи, меѓу другите пазари, во Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, како и во Европската Унија, Русија и земјите од ЦЕФТА.

ЈУХОР е дел од групацијата ДЕЛТА ХОЛДИНГ. Компаниите од групацијата „Делта Холдинг“ ги извршуваат своите активности во областа на земјоделско производство, производство на храна, извоз, увоз и застапување на странски компании, дистрибуција на стоки за широка потрошувачка, продажба на автомобили, развој на недвижности и развој на нови технологии. Делта Холдинг Груп ги реализира своите деловни активности преку пет организациски единици: Делта Аграр Груп, Делта преработка на храна, Делта недвижности групација, Делта дистрибуција и одделот за нови технологии. Покрај на српскиот пазар, Делта Холдинг Груп е присутна и на голем број пазари во регионот и во Европската Унија.

Делта Холдинг Груп има зависни друштва во Република Северна Македонија и тоа:

-Друштвото за производство, трговија и услуги АНАНАС МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје ;

-Друштво за услуги АНАНАС ЕКСПРЕС ДООЕЛ со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, и

-Друштво за производство, трговија и услуги АНАНАС ШОП ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7673426.

ФООД СТАР ПЛУС ДОО Белград е сопретежната регистрирана дејностпреработка и конзервирање на животинско месо .

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

ФООД СТАР ПЛУС ДОО Белград нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.08.2025 година
Скопје